РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно Училиште
СТИВ НАУМОВ
Бр. 02-54/1
07.02.2023 год.

Врз основа на член 42 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19 и 229/20) и член 17 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година од Министерство за образование и наука на РСМ, Општинското основно училиште „Стив Наумов"- Скопје објавува

**ОГЛАС**

**за прибирање на понуди**

1. За изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности во ООУ„Стив Наумов"- Скопје, во учебната 2023/2024 година, согласно Програмата за екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности и тоа:
    - Еднодневна екскурзија за учениците во III одделение
    - Настава во природа за учениците во V одделение
    - Дводневна екскурзија за учениците во VI одделение
    - Тродневна екскурзија за учениците во IX одделение
    - Еднодневен пролетен излет за учениците од I до IX одделение

Критериум за доделување на договор за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците е **најниска цена.**

Минималните услови кои треба да ги исполни понудувачот со докази за истите се:

- да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност;
- да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности;
- да има успешно реализирано соодветна аражманска програма во Република Северна Македонија;
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

Се покануваат сите заинтересирани понудувачи да достават понуди според документацијата што ја содржи програмата за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на училиштето, која треба да се подигне во форма на тендерска документација со подетални услови во работен ден во период од 08.00-13.00 часот во училиштето.

Понудите потребно е да ги исполнуваат условите пропишани во документацијата. Понудаите се доставуваат во затворен плик дирекно во писмена форма во архивата на училиштето од 08.00-13.00 часот, со назнака НЕ ОТВАРАЈ во горниот лев агол на следната адреса ООУ„Стив Наумов" ул. Лазар Поп Трајков бр.28 – Скопје, со назнака за оглас за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности.

Понудата се доставува во оргинален примерок кој треба да биде потпишан и заверен од одговорно лице на понудувачот и треба да биде во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

**Понудата не е деллива.**

На денот на потпишување на договорот избраниот понудувач доставува банкарска гаранција за квалитетно изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности во висина од 5% од вкупната вредност на договорот.

Огласот трае 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето во дневен печат.

Јавното отварање на понудите ќе се спроведе во училиштето на 16.02.2024 година во 12.30 часот.

Понудите кои ќе пристигнат подоцна нема да се разгледуваат.

тел. 02 3174 006

ООУ„Стив Наумов"- Скопје
Директор

/ м-р Лилјана Стефановска/